Македонија

# Пронајдени оружје и муниција и приведени две лица во полициската акција во Чашка

Автор: Деск 09/02/2025 18:04

Share









## НАЈНОВИ ВЕСТИ

Свет 09/02/2025 21:04
Интерпол воведува „сребрена потерница“ – еве што значи и зошто многумина ќе стравуваат од неа

Регион 09/02/2025 20:21
Нов силен земјотрес во близина на Санторини

Свет 09/02/2025 20:05
Мистериозни дронови се појавија над клучната германска воздухопловна база

Свет 09/02/2025 20:02
Претседателот на Естонија ја повика ЕУ да го прекине целиот руски увоз на енергија

Свет 09/02/2025 19:17
Трамп го испраќа Маск во специјална мисија: Треба да открие измами и злоупотреба на милијарди долари

Деск




Денеска (09.02.2025), полициски службеници од Одделението за криминалистичка полиција при СВР Велес и полициски службеници од Полициското одделение Чашка ги лишиле од слобода М.З.(86) и 41-годишната М.З., двајцата од село Долно Јаболчиште, општина Чашка. При претрес во нивниот дом, извршен со наредба од Основен суд Велес, биле пронајдени и одземени ловечка пушка „Бајкал”, ловечка пушка „Црвена Застава”, карабин „Хемерлес”, два оптички нишани за пушка, оружје за светлосна и звучна сигнализација, пиштол „ЦЗ- 99″, 146 куршуми различен калибар, 21 ловечки патрони, две рамки за пиштол, карабин „Црвена застава”- расклопен на делови и карабин без ознаки. Лицата биле приведени во полициска станица, известен бил јавен обвинител и по документирање на настанот ќе биде поднесена соодветна пријава.




Исто така, со наредба од Основен суд Велес, бил извршен претрес и во домот на Џ.З.(44) од село Долно Јаболчиште, општина Чашка, каде биле пронајдени и одземени ловечка пушка „Бајкал” и 20 патрони за пушката. Известен бил јавен обвинител.

Share



© Copyright - ТВ21